- 2nd International Scientific Conference on economic development and standard ofliving "EDASOL 2012 - *Economic development and Standard of living"*, Banja Luka, 12-13. november 2012;
- Босна и Херцеговина и еуро-атланске интеграције – трендови изазови и перспективе, 9-10 мај 2012, Бихаќ;
- Security and Euroatlantic perspectives of the Balkans, police science and Police Profession (States and perspectives), International scientific Conference, 25-26 мау 2012, Ohrid;
- Economic Development and Standard of Living, International Scientific Conference, 23-24 september 2011, Banja Luka;
- Security in the post-conflict Balkans: Transition and challengers faced by the Republic of Macedonia, International scientific Conference, 27-28 мау 2011, Ohrid;
- 20 years Macedonian independence economic, political and policy developments, International Conference, 15 - 16 September 2011, Skopje;

- Seventh international annual conference on European integration titled “Europe 2020: Toward Innovative and Inclusive Union”, 17 мау 2012, Skopje;
- Република Македонија на патот кон Европската Унија и НАТО – состојби и перспективи, научна конференција, ФОН Универзитет, 2007 година, Гевгелија;
- Состојбите на истражувањата во општествените науки во Република Македонија, конференција, април 2011, Хотел Континентал Скопје; како и учество на други собири, тркалезни маси и дебати.

## ЗАКЛУЧОК

Рецензентската комисија од увидот во целокупната документација, како и врз основа на личното познавање на кандидатката и нејзината наставно-образовна, научно-истражувачка и стручно-апликативна дејност констатира дека д-р Сејдефа Џафче во целост ги исполнува условите и критериумите за избор на наставник во наставно-научното звање редовен професор согласно Законот за високо образование и интерните акти на АУЕ ФОН и тоа:

1. Има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно;
2. Има научен степен доктор на науки од соодветните области;
3. Има објавено најмалку шест рецензирани научни труда во рефернтната научна публикација согласно Законот за високо образование во последните пет години пред објавувањето на огласот за избор;
4. Претходно кандидатката била избрана во звање вонреден професор;
5. Има активно познавање на англиски јазик;
6. Има способност за изведување на високобразовна дејност стекнато преку долгогодишната академска работа на Универзитетот;
7. Кандидатката е автор на универзитетски учебник и учебни помагала како авторизирани предавања. Учествувала во повеќе научно истражувачки проекти, а преку учество на меѓународни и домашни конференции и семинари од овие области постојано го надоградува своето знаење и истото успешно го пренесува на студентите во наставниот процес.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Рецензентската комисија смета дека д-р Сејдефа Џафче во целост ги задоволува педагошките, научните и стручните критериуми, како и законските услови и условите предвидени со општите акти на АУЕ-ФОН за да биде избрана за наставник со звање РЕДОВЕН ПРОФЕСОР.

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на изнесеното, членовите на Рецензентската комисија имаат чест и задоволство да му предложат на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни и политички науки при АУЕ-ФОН, кандидатката д-р Сејдефа Џафче да ја избере за наставник во научните области Финансово право - 50812 и Управно право - 50802, во звање **РЕДОВЕН ПРОФЕСОР.**

Скопје, февруари 2022

Рецезентска комисија:

проф. д-р Темелко Ристески, с.р.
претседател

Проф. д-р Александра Максимовска Стојкова, с.р.
член

Проф. д-р Тито Беличанец, с.р.
Член

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТА НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ-АНГЛИСТИКА, ЗА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА КНИЖЕВНОСТА И ЈАЗИКОТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ПРИ АМЕРИКАНСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН

Наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици при Американскиот универзитет на Европа - ФОН на својата редовна 4-та седница, одржана на ден 21.01. 2022 (петок) година избра Рецензентска комисија во врска со кандидатите пријавени на конкурсот за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од областа на наука за јазикот-Англистика, за предмети од областа на книжевноста и јазикот. По увидот во доставениот материјал, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Виолета Христовска, проф. д-р Наташа Бакиќ-Мириќ и проф. д-р Љубица Кардалеска-Радојкова го приложува следниот извештај до Наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици при Американскиот универзитет на Европа - ФОН.

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за избор на еден наставник во сите звања од областа на наука за јазикот-Англистика, за предмети од областа на книжевоста и јазикот, објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ на 29.12.2021 година, се пријавија следниве кандидати:

1. доц. д-р **Татјана Срцева-Павловска**.

Доц д-р **Татјана Срцева-Павловска,** родена на 06.12.1977 година во Скопје, дипломирала во 2002-та година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје на Катедрата за англиски јазик и книжевност, наставна насока и се стекнала со стручниот назив Дипломиран професор по англиски јазик и книжевност. Во ноември 2011-та година кандидатката завршува последипломски студии по англиска книжевност со среден просек 9.3 и се стекнува со звањето Магистер по филолошки науки на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Нејзината магистерска теза гласи: *Мистичната природа (дивата зона) на жената во делата на Луис Ердрич, Тони Морисон и Венко Андоновски*. Во септември 2016-та година, **Срцева-Павловска** го одбрани својот докторски труд од областа на книжевноста (феминизам) под наслов *Субверзивноста на женското лудило во англо-американската проза наспроти конформизмот на женската патријархална матрица на македонскиот роман*, при што се здоби со звањето Доктор по филолошки науки при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Кандидатката **Срцева-Павловска** е избрана во доцент по науки од книжевноста-Англистика, во рамките на Факултетот за странски јазици при АУЕ - ФОН на ден 06.07.2017 година и од тогаш наваму, таа работи како наставник по предметите Американска книжевност 1 и 2, Британска книжевност 1, 2, 3 и 4, Американска цивилизација, Британска цивилизација на прв циклус студии, и како наставник по предметот Феминистички теории и критики на вториот циклус студии при Факултетот за странски јазици, АУЕ- ФОН.

Доц. д-р **Срцева-Павловска** има повеќегодишно искуство како наставник по англиски јазик, а претходно и како преведувач/толкувач. Од септември 2001 па сè до февруари 2004 има работено како Соработник за странски медиуми и интернет во Одделението за односи со јавноста при Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија, а паралелно работи и како преведувач/толкувач (пишана коресподенција) во Кабинетот на министерот за одбрана на Република Македонија. Во истиот период е ангажирана и како хонорарен соработник во месечното списание на Армијата на Република Македонија „Армиски збор“ пишувајќи повеќе новинарски написи од одбранбената тематика. Има работено на преводи на повеќе армиски публикации, Бела книга на одбраната, НАТО прирачници како и на бројни преводи на официјалната интернет страница на Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија.

Во периодот од февруари 2004 до август 2004 година, **Срцева-Павловска** работи како лектор по англиски јазик на приватниот Факултет за општествени науки - ФОН, на групата студенти од нематични факултети, а воедно ги држи и курсевите по Креативно преведување и Креативно пишување на групата студенти по англиски јазик во рамки на ММ-Колеџот.

Од септември 2004 година до октомври 2015 година, **Срцева-Павловска** работи како професор по англиски јазик во Средното економско и правно училиште „Арсени

Јовков“ Скопје и во тој период посетува бројни работилници и семинари за развој на образованието и наставата по англиски јазик.

Од февруари 2015 година, **Срцева-Павловска** е ангажирана најпрвин како визитинг лектор по англиски јазик на Факултетот за странски јазици при Првиот приватен универзитет - ФОН Скопје, покривајќи повеќе предмети и курсеви, како Современ англиски јазик 1 и 2, Англиски јазик за нематични факултети и предмети од областа на американската и британската цивилизација и книжевност, а веќе од 20.10.2015 па сè до денеска е и вработена во самата институција, работејќи најпрвин како лектор, а потоа од јуни 2017 и како доцент во рамки на истиот Факултет, покривајќи ги предметите Современ англиски јазик 1 и 2, Американската книжевност 1 и 2, Британска книжевност 1, 2, 3 и 4, Интеркултуролошка комуникација. На постдипломските студии по Применета лингвистика го предава изборниот курс по Феминистичка теорија и критика како во Скопје, така и во двете одделенија на дисперзираните студии, а воедно имаше и куса визитинг соработка со Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип. Кандидатката доц. д-р **Татјана Срцева-Павловска** во рамки на својот наставно-стручен ангажман е и ментор на кандидати на повеќе од 20 дипломски трудови од областа на книжевноста и културата во рамки на Факултетот за странски јазици при АУЕ-ФОН, а има работено менторски и со студенти - Фулбрајтовци кои посетуваат постдипломски студии во САД. Под нејзино менторство, студенти од Факултетот за странски јазици беа вклучени во проектот "Literature in translation - EFACIS Translation project: Ann Enright".

Во текот на својот професионален развој **Срцева-Павловска** има земено активно учество во повеќе меѓународни конференции и семинари од најразлични области, меѓу кои јазик, книжевност, односи со јавност и медиуми и други во Шпиец-Швајцарија, повеќекратно конференциско учество во рамки на Факултетот за журналистика, отсек Американски студии при државниот универзитет „Ломоносов“ во Москва, партиципација на конференции во Прешов, Република Словачка, Љубљана, Република Словенија, Белград, Република Србија, како и на бројни конференции и обуки во Скопје, а има партиципирано и на голем број јавни дискусии, работилници на ХЕРА- Млади, Freedom House, ОБСЕ и други, од областа на комуникациите и односите со јавност. Исто така, има учествувано и на поголем број на стручни семинари и обуки за модернизација и подобрување на наставата по предметот англиски јазик за средното стручно образование, ЕЛТАМ/ЕЛТА конференции, а во 2020 беше дел и од меѓународниот проект за меѓуетничка толеранција и разбирање, како предавач и обучувач за ненасилство, родова еднаквост и сајбер булинг, во рамки на проектите RYCO (Regional Youth Cooperation Office) кои вклучуваа повеќедневни тренинзи на ученици од средни училишта од Република Србија, Република Црна Гора, Косово и Република Северна Македонија.

Доц. д-р **Татјана Срцева-Павловска** работи и како книжевен преведувач (проза и поезија) а исто така има работено и како редактор на книжевни дела од македонски автори напишани на англиски јазик. **Срцева-Павловска** е и една од коосновачи а воедно и активен учесник во рамки на Центарот за ирски студии, ЕФАЦИС - Македонија, кој е под капата на

Европската федерација на асоцијации и центри за ирски студии. Воедно, заедно со неколкумина колеги наставници-ентузијасти Срцева-Павловска е кооснована и активист во граѓанското здружение „НОБИЛИС“ кое во периодот 2015-2016 се вклучува во проекти за мултиетничка интеграција поддржани од Град Скопје, ОБСЕ, Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“ и др. Активно соработува и со Американската амбасада во Република Македонија како нивна алумна во Комисии за селекција на идни стипендисти, но и како дел од Уредувачкиот одбор на билтенот на Македонско-американската асоцијација на алумни МААА итн.

Од 08.06.2016 до 24.07.2016 доц. д-р **Татјана Срцева-Павловска** партиципира во шестнеделен студиски престој на Институтот за современа американска книжевност при Универзитетот во Луивил, Кентаки, САД, како прв и единствен стипендист и алумна од Република Северна Македонија на Владата на Соединетите Американски Држави и Стејт Департментот на овој Институт кој е во рамки на програмата за размена SUSI - Study of US Institutes, Contemporary American Literature кој е поврзан со Фулбрајт програмата на стипедирање во САД.

Од 07.07.2019 до 22.07.2019 **Срцева-Павловска** партиципира како дел од Летниот институт на Универзитетот во Единбург, Обединето Кралство, при што посетува двонеделна обука на тема „Текст и контекст“ во рамки на која е учесник и на повеќе работилници, како и презентер на Меѓународниот симпозиум во рамки на Универзитетот.

Од 2018 па сè до декември 2021 година, **Срцева-Павловска** е дел од експертскиот тим составен од научно-стручни соработници за изработка на националните програми за изучување англиски јазик за средните и основните училишта во Република Северна Македонија: од 2018-2019, работи на изработка на новите модуларни национални наставни програми по англиски јазик за средното стручно четиригодишно образование во Република Северна Македонија, проект во рамки на Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука. Во 2019-2020 е дел и од стручно-експертски соработнички тим на БРО и МОН кој ги изработува новите национални наставни програми по англиски јазик за основното образование во Република Северна Македонија за учениците од 1-9 одделение, а во 2021 и најновите ревидирани национални програми по англиски јазик за учениците од 1-6 одделение за основните училишта.

Освен трудови од областа на книжевноста и феминистичката критика, доц. др **Срцева-Павловска** има публикувано и три монографии; нејзиниот магистерски труд е публикуван со наслов „За женската дивина“ во издание на издавачката куќа Датапонс - Скопје, во јуни 2014 година; верзија од истиот во превод на англиски јазик насловена како *On Female Wilderness* е публикувана во рамки на LAP, Lambert Academic Publishing, Beau Bassin, Mauritius во 2017 година. Во јануари 2018 година, дел од нејзиот докторски труд е исто така публикуван на англиски јазик насловен како *On Female Madness* од истиот издавач, LAP, Lambert Academic Publishing, Beau Bassin, Mauritius, а двете дела се во онлајн продажба на Amazon.com.

(https://www.amazon.de/Female-Wilderness-mystical-nature-literature/dp/6202024186)
(https://www.amazon.com/Female-Madness-Tatjana-Srceva-Pavlovska/dp/6137383377)

Доц. д-р **Татјана Срцева-Павловска** има публикувано и научни трудови од областа на книжевноста, книжевните науки и феминистичките теории и критики во повеќе меѓународни списанија. (листа на публикувани трудови во прилог)

*Double jeopardy - being a woman and radical*
*Suicide as liberation tool in Atwood's The Testaments* - Филологическое образование и современный мир - Забайкальскйй государственный унйверсйтет, 2021 Transbaikal State University, Chita, the Russian Federation, July 2021

*When PRO-choice becomes ANTI-democratic notion: Pro-life lessons on violence in A Book of American Martyrs by J.C. Oates* - International magazine for social sciences VIZIONE, Skopje, July 2021

*Prosopopoeial poetry of a personal prophetic transfiguration -*
*Sylvia Plath's "Lady Lazarus" and David Bowie's "Lazarus"* - in process of publication, Lomonosov Moscow State University, the Russian Federation, 2021

*Disneyfication of the (b)witches - feminist perspective on past and present witchcraft*
International magazine for social sciences VIZIONE, Skopje, September 2020

*Female madness as a sub-*element *of gothic and fantastic literature*
ESIDRP Proceedings e-volume, Skopje, June 2020
DOI / УДК: 305-055.2:821.111-31

*Judith Shakespeare's imaginary "off the road" feminist rewriting of On the Road*
International magazine for social sciences Spectrum, May 2020

*(Re)naming and identity issue in Jhumpa Lahiri's novel The Namesake vis-à-vis The Republic of Macedonia's name change*
International magazine for social sciences VIZIONE, Skopje, March 2019, pp 225-235. Vol. 32, ISSN:1857- 9221

*The Mystical nature (the wild zone) of the woman in literature,* International Scientific Journal HORISONS September 2014, Bitola, Vol. 15, pp 179-191. ISBN: 305-055.2:821

*Fusion of literature and social media: fact or fiction?* International magazine for social sciences VIZIONE, January 2017, Skopje, Vol. 27, pp 83-91. ISSN 1409-8962/ISSN1857-9221

*Intertextual female madness fighting conformism - reflections on subversiveness in sequels,* International Scientific Journal HORISONS, Bitola, December 2017, Series A, Social Sciences and Humanities, Vol. 21, pp 259-269, ISSN 1857-9884

*The metaphor or silence and the madness of the Macedonian literary woman,*

International magazine for social sciences VIZIONE, Skopje, July 2018, pp 57-67. Vol. 30, pp 57-67. ISSN: 1409-8962

Срцева-Павловска, Т. *За женската дивина,* Датапонс, Скопје, 2014. монографија
Srceva-Pavlovska, T. *The Mystical nature (the wild zone) of the woman in literature,* International Scientific Journal HORISONS September 2014, Bitola, Vol. 15, pp 179-191. ISBN: 305-055.2:821
Srceva-Pavlovska, T. *Fusion of Literature and Social Media: Fact or Fiction,* International magazine for social sciences "VIZIONE" Skopje, 27/2017. UDC: 82:316.774
Во процес на публикација:
*Prosopopoeial poetry of personal prophetic transfiguration - Sylvia Plath's 'Lady Lazarus' and David Bowie's 'Lazarus'*

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По разгледувањето на приложената документација и срочувањето на рецензијата, Комисијата дојде до заклучок дека **доц. д-р Татјана Срцева-Павловска** ги исполнува критериумите за избор во звање **вонреден професор** од областа наука за јазикот-Англистика, за предмети од областа на книжевноста и јазикот на Факултетот за странски јазици при Американскиот универзитет на Европа - ФОН, Скопје. Поради постигнатите резултати во наставата по англиски јазик и книжевност на универзитетско ниво, и тоа низ предмети од јазичен карактер (Современ англиски јазик), културолошки карактер (Британска цивилизација и Американска цивилизација) и наука за книжевноста (Американска книжевност и Британска книжевност), како и поради целокупниот научно-стручен и професионален ангажман, како и во административното работење на Универзитетот АУЕ-ФОН, а воедно и континуираната индивидуална професионална и научно-стручна надоградба, чест и задоволство ни е да му предложиме на Наставно-научниот совет при Универзитетот ФОН да ја избере **доцент д-р Татјана Срцева-Павловска** во звањето **Вонреден професор од областа на наука за јазикот - Англистика (наука за книжевноста) за предмети од областа на книжевоста.**

Скопје, февруари 2022 година

Рецензентска комисија:

________________________________

1. проф. д-р Виолета Христовска

________________________________

2. проф. д-р Наташа Бакиќ-Мириќ

________________________________

3. проф. д-р Љубица Кардалеска-Радојкова

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО ОБЛАСТА ДИЗАЈНИРАЊЕ НА ТЕКСТИЛ И ОБЛЕКА - 22304 И ДРУГО (МОДЕН ДИЗАЈН) - 22306 , НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДИЗАЈН И МУЛТИМЕДИЈА НА АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА ФОН СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Првиот приватен универзитет ФОН во Скопје, објавен во весникот „Нова Македонија" на 30 декември 2021 год. за избор на наставник во сите звања во областа **Дизајнирање на текстил и облека – 22304 и Друго (Моден дизајн) - 22306**, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија на Американски Универзитет на Европа ФОН Скопје, донесена на 13 јануари 2022 год., формирана е Рецензентска комисија во состав: **проф. м-р Ванѓа Кузмановска, претседател, доц. м-р Александра Јовановска Хнида, член и проф. м-р Јордан Ефремов, член.**

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите звања во областа Дизајнирање на текстил и облека, во предвидениот рок се пријави кандидатот м-р Емилија Славкова.

Врз основа на приложената документација поднесена од страна на кандидатот, како и врз основа на нејзината научна, стручна и педагошка дејност Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за Дизајн и мултимедија при Американски Универзитет на Европа ФОН да го достави следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Биографски податоци и образование

М-р Емилија Славкова е родена на 18.08.1987 година во Штип, Р.С.Македонија. Средно училиште завршува во гимназијата „Славчо Стојменски" во Штип, со одличен успех.

Во 2006 се запишува на Академија Италиана на насока за Моден дизајн, во Скопје, Р.С.Македонија, каде диломира во 2009 година со просечна оцена 95А.

Во 2014 година, запишува постдипломски студии на Технолошко-технички факултет, насока Индустриски дизајн на текстил на *Универзитет „Гоце Делчев“* – Штип, Р.С.Македонија. Во 2021 година се стекнува со квалификацијата магистер по инженерство на материјали со магистерскиот труд под наслов *„Дизајнирање на композитни ламинати за примена во автомобилската индустрија“*, под менторство на проф. д-р Винета Сребреноска, со просечна оцена од 9,64.

Во 2020 година запишува специјалистички студии на Американски Универзитет на Европа – ФОН – Скопје, Р.С.Македонија,  Факултет за дизајн и мултимедија, област Моден дизајн, каде во 2021 година се стекнува со уверение за положени испити од прва година од втор циклус на студии, со просечна оцена 9,60.

## СЕРТИФИКАТИ

Во 2021 се стекнува со сертификат за завршен курс за Дигитална мода (Digital 101) издаден од The Digital Fashion Group Accademy курсеви реализирани во соработка со Parsons School of Design – Paris, France.

Во 2020 година запишува Педагошка - психолошка и методска подготовка на Педагошки факултет при Државен универзитет во Тетово – Тетово, Р.С.Македонија. Во 2021 година се стекнува со сертификат/уверение за положени испити.

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Од 2020 до 2021 година работи како предметен наставник во СОУ „Димитар Мирасчиев‘‘, Штип, Р.С. Македонија, каде изведува настава по предметите: Основи на дизајн, Дизајн на овлека за 2ра и 3та година, Костимографија, Технологија на доработка, Практична настава, Естетика, Дизајнирање на текстилни материјали, Изработка и декорација на модели и Изработка на модни

додатоци. Покажува исклучителен ангажман во краток временски период при настојувањето за оспособување на младите кадри.

Во текот на својата наставно-образовна дејност постојано работи на проекти кои се од важност за идните млади кадри во соработка со невладините организации, организации за развој на модата и текстилната индустрија на Р.С. Македонија, како што се СЕГА - Коалиција на младински организации, НЕЦИ НМК, CEED Hub Скопје, Моден Викенд - Скопје (FWSK), Текстилно Трговско Здружение - Текстилен кластер, Британски совет. Дел е од повеќе вонаставни работилници, конференции, проекти и обуки кои се во прилог на целите на наставно-образовната дејност:

**2021** – Ментор на ученички проект ,,REWEAR” претставен на Моден Викенд Скопје за проект #NoWaste – Битола ;

**2021** – Виртуелна конференција #StrongerTogether за Иновативност во модниот дизајн – Ideation ;

**2021** – Циклус на работилници за кариерен развој - СЕГА Коалиција на младински организации ;

**2021** – Education Exchange вебинар на тема ,,Climate change and language learning” - Британски совет ;

**2021** – Ментор на училишна обука и работилница UPSHIFT - CEED Hub Skopje

**2020** – Обука за одржлива мода - Design4Circle ;

**2020** – Ментор на ученичка изложба на Моден Викенд Скопје на тема „Одржлива мода“ – Скопје .

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Во текот на својата креативна работа учествува на повеќе групни проекти и изложби, истражувачки проекти, самостојни ревии и изложби. По дипломирањето неколку години активно работи на креирање на самостојни ревии, при тоа соработува со голем број на креативци при

изработка на фотосесии за каталози, кампањи и портфолио.  Подоцна работи на дизајнерски проекти, дизајн за производство на колекции за продажба за други брендови како Линеа и Arthropoda.

Ревии, изложби и проекти:

**2021** – Мултикултурна асоцијација „Nacu Hagi“ (Mountain civilization – Tradition, costumes, folclore on the mountain) – Романија ;

**2021** – Интернационален проект за зачувување на локалните занаетчиски традиции на интернационално ниво и интеграција во нови технологии, процеси на рециклирање и апликација во модерен и функционален дизајн – Галерија „Никола Мартиноски“ – Крушево ;

**2019** – Завршна изложба (групна) на „Универзитет Гоце Делчев“ – Штип, учество со модна колекција ;

**2018** - Завршна изложба (групна) на „Универзитет Гоце Делчев“ – Штип ;

**2013** – Изложба (самостојна) на модна колекција на „Дума“ на Моден Викенд Скопје ;

**2012** – Модна ревија (самостојна) на „Дума“ на Моден Викенд Скопје ;

**2011** - Модна ревија (самостојна) на „Дума“ на Моден Викенд Скопје ;

**2009** - Завршна изложба и ревија (групна) на „Academia Italiana“ на тема ,,Герника”– Скопје ;

**2009** - Завршна ревија на „Academia Italiana“ на тема ,,Герника”  – Фиренца ;

**2008** – Завршна Изложба и ревија (групна) на „Academia Italiana“ – Скопје ;

**2008** – Завршна ревија(групна) на„Academia Italiana“ – Фиренца ;

**2007** - Завршна изложба и ревија (групна) на „Academia Italiana“ – Скопје .

Претседател е на комисија на Европски моден совет за Македонија од 2019 г., кој има за цел да ги спојува земјите од Балканот во креативни проекти од обласа на модата.

## ЗАКЛУЧОК

М-р Емилија Славкова ги има исполнето Репрезентативните референци за избор во наставно-научни звања по стручно-уметничките предмети во доцент, односно, Славкова реализирала референци од категориите: 1, 2, 3, 4, 8.

Во текот на своето творење и работење се истакнува со сестрани искуства во делот на модниот дизајн, индустријата за текстил, образованието и менторството. Како автор на самостојни ревии и изложби се здобива со многу позитивни мислења и референци од публика, новинари и дизајнери во однос на креативноста, автентичноста и доследноста на оригиналнот израз. Искуството на Славкова е збогатено и со проекти и дејности кои се реализираат во производството. Во текот на својата образовна работа се стекнува со позитивни мислења за наставната дејност и трудот кој го посветува на комуникацијата во наставата и обидите да вложи во креирање на независна и дизајнерска мисла кај младите креативци, со настојување да се стекнат со квалитети за самостојно истражување и креирање.

## ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-уметничката апликативна дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р. Емилија Славкова.

Врз основа на изнесеното во извештајот, рецензентската комисија заклучи дека м-р Емилија Славкова поседува научно-уметнички, стручни и наставни квалитети и ги исполнува сите услови и законски основи да биде избрана во звањето доцент во областа Дизајнирање на текстил и облека – 22304 и Друго (Моден дизајн) - 22306. според Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања од областа **Дизајнирање на текстил и облека**. Согласно горе изнесеното, комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија на Американски Универзитет на Европа ФОН Скопје**, м-р Емилија Славкова да биде избрана во звањето доцент во наставно-научна област Дизајнирање на текстил и облека – 22304 и Друго (Моден дизајн) - 22306.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. м-р  Ванѓа Кузмановска, вонреден професор, претседател

Доц. м-р  Александра Јовановска Хнида, доцент, член

Проф. м-р  Јордан Ефремов, вонреден професор, член